# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ МЕТОДИКА НА НАСТАВА ПО НАРОДНИ ОРА НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1902-135/3 од 16.12.2014 година донесена на 14. седница на Наставно-научниот совет на Музичката академија, одржана на 16.12.2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област методика на наставата по народни ора на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во состав:

- проф. д-р Оливера Васиќ, редовен професор, вработена на Факултетот за музичка уметност во Белград, Р. Србија - претседател;
- проф. д-р Родна Величковска, вонреден професор, вработена на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ при УКИМ, Скопје - член;
- проф. д-р Илчо Јованов, вонреден професор, вработен на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Нова Македонија” на 3.12.2014 година и во предвидениот рок се пријави само кандидатот Владимир Јаневски, доцент на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**М-р Владимир Јаневски** е роден во 1969 година во Скопје. Основно и средно образование завршува во Скопје. Дипломира во 2002 година на тема „Народната носија во Овче Поле“. Степенот на магистер го стекнува во 2010 година на тема „Етнолошки и етнокореолошки карактеристики на македонските традиционални народни ора по избрани примери“. Во 2011 година е запишан на докторски студии на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, со тема „Етнокореолошка класификација на македонските народни ора“.

Кандидатот м-р Владимир Јаневски своето професионално искуство почнал да го оформува во 1986 година во Ансамблот за народни игри и песни „Танец“, како професионален играч – пејач. Од 2001 до 2007 година кандидатот е вработен во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ во Скопје, насока Традиционална музика и игра. Од 2007 година кандидатот е вработен на Универзитетот „Гоце Делчев“, Факултетот за музичка уметност во Штип на Одделот за етнокореологија, како асистент. Од 2010 година е избран во доцент на Факултетот за музичка уметност, а од 2012 година е назначен и за продекан за настава на истиот факултет. Од 2012 година е уметнички менаџер на Ансамблот „Македонија“.

Критериумите за избор во сите звање наведени во Конкурсот беа следниве:

Кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен за наставно-уметничките области, како и да ги исполнува останатите услови наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, беа следниве:

– Пријава: има;
– Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд: има;
– Уверение за положени испити: има;
– Кратка биографија: има;
– Потврда дека се служи со еден од светските јазици: има;
– Список на објавени научни и стручни трудови: има;
– Уверение за државјанство: има.

Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор

1. Кандидатот Владимир Јаневски е избрана во звање доцент за наставно-научната уметничка област методика на наставата по народни ора на Музичката академија, 1 јуни 2010 година.
2. Остварен просечен успех од најмалку осум на студиите од втор циклус (постдипломски студии ги завршува со просек 9,62)
3. Кандидатот м-р Владимир Јаневски треба да има остварено минимум шест целовечерни концерти.
4. Кандидатот м-р Владимир Јаневски има објавено рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната област и која е објавена во е-библиотеката, со наслов „Методика на народни ора“.

***Концертна актива:***

| Бр. | Вид на концерт | Место на изведба на концертот | Датум на изведба на концертот | Репозиториум |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Целовечерени концерти | Концертна турнеја во Јапонија, 27 концерти во повеќе градови | Февруари – март, 2013 | Janevski, Vladimir (2013) Концертна турнеа на студентите во Јапонија. [Video] (In Press) |
| 2 | Целовечерени концерти | Концертна турнеја во градовите: Велес, Битола, Гевгелија,Струмица, Делчево, Скопје | Август 2013 | Janevski, Vladimir (2013) Концертна турнеа во Македонија. [Video] (In Press) |
| 3 | Целовечерени концерти | Концертна турнеја во градовите: Битола, Куманово,Струмица, Деми Капија, Скопје | Август 2014 | Janevski, Vladimir and Cicakovski, Timko (2014) Концертна турнеа низ Македонија. [Video] (In Press) |
| 4 | Целовечерен концерт | ТРАДИЦИОНАЛНАТА МУЗИКА И ИГРА НА БАЛКАНОТ, МОБ, Скопје | Јуни 2012 | Janevski, Vladimir (2014) Традиционалната музика и игра на Балканот. [Video] |
| 5 | Целовечерен концерт | Галерија Безистен, Штип, РЕВИЈА НА НАРОДНИ НОСИИ, ИНСТРУМЕНТИ, ПЕСНИ И ОРА | Јуни 2013 | Janevski, Vladimir and Angelov, Goranco (2013) Годишен концерт - Ревија на народни носии, инструменти, песни и ора. [Video] |
| 6 | Целовечерен концерт | МОБ, Скопје, КОДЕ СЕ МИЈАЦИТЕ | Ноември 2013 | Janevski, Vladimir (2013) Коде се Мијаците. [Video] (In Press) |
| 7 | Целовечерен концерт | Целовечерен концерт во МОБ, Скопје, И НИЕ СМЕ ДЕЦА... | Јуни 2013 | Janevski, Vladimir (2013) ...И ние сме деца... [Video] |

***Објавени трудови:***

1. Јаневски Владимир, (2010) Главни карактеристики на играорните подрачја, Зборник на трудови II, Илинденски денови, Битола. (стр. 3-8)Janevski, Vladimir (2010) *Glavni karakteristiki na igraornite podracja.* Zbornik na trudovi II, II. pp. 3-10.
2. **Janevski Vladimir**, (2010) *Young Brides, Old Treasures*, Museum of International Folk Art, Sata Fe, New Mexico. (стр. 57-65, 76-248)Janevski, Vladimir and Sumberg, Bobbie and Krsteva, Angelina and Nazim, Jasemin and Dimovska, Sanja and Gjogjovska, Tatjana and Hristova, Slavica and Trpevski, Davorin (2011) *Young Brides, old treasures, Macedonian embroidered dress.* Museum of International Folk Art - USA. pp. 1-300.
3. Јаневски Владимир, (2011) Техники и методи при етнокореолошки истражувања, Зборник на трудови III, Илинденски денови, Битола. (стр. 3-9) Janevski, Vladimir (2011) *Tehniki i metodi pri etnokoreoloski istrazuvanja.* Zbornik na trudovi III, III. pp. 3-10.
4. Јаневски Владимир, (2011) Пишаните и визуелни извори за традиционалните игри во крајот на XIX век и почетокот на XX век, Годишен зборник, број 2, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Факултет за музичка уметност, Штип. (стр. 151-157)
5. Јаневски Владимир, (2012) Чешлање и плетење на коса кај девојка во с. Скочивир, Битолско, Етнолог, бр. 14, Скопје. (стр. 211-219) Janevski, Vladimir (2012) *Чешлање и плетење на коса кај девојка во с. Скочивир, Битолско.* In: etnologist.
6. Јаневски Владимир, (2012) Подготовка на сценска адаптација, Зборник на трудови IV, Илинденски денови, Битола. (стр. 4-9) Janevski, Vladimir (2012) *Подготовка на сценска адаптација.* Zbornik na trudovi IV, IV. pp. 4-10.
7. Јаневски Владимир (2012) Народната носија во Овче Поле, Завод и музеј - Штип (стр. 1-113) Janevski, Vladimir (2012) *Narodnata nosija vo Ovce Pole.* Documentation. Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј, Штип.
8. Јаневски Владимир, (2013) Форми и облици во македонскиот играорен репертоар**,** Зборник на трудови V, Илинденски денови, Битола. (стр. 5-16) Janevski, Vladimir (2013) *Форми и облици во македонскиот играорен репертоар.* Фестивал за народни игри и песни, Илинденски денови - Битола, 5 (5). pp. 5-16.
9. Јаневски Владимир, (2013) Комитското оро, *100 години од Балканските војни*, МАНУ, Скопје (стр. 519-527)Janevski, Vladimir (2013) *Комитско оро.* Македонска академија на науките и уметностите: Сто години од Балканските војни, Скопје.
10. Јаневски Владимир, (2013) Кореографското творештво на Трајко Прокопиев во ансамблот Танец, Годишен зборник, број 3, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Факултет за музичка уметност, Штип. Janevski, Vladimir (2012) *Кореографското творештво на Трајко Прокопиев во ансамблот Танец.* Зборник на трудови, Факултет за музичка уметност, 3 (3). pp. 135-140. ISSN 1857-8659
11. Јаневски Владимир, (2013) Етнокореолошки карактеристики на македонските народни ора (по избрани примери), Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје (стр. 1-168) Janevski, Vladimir (2013) *Етнокореолошки карактеристики на македонските народни ора (по избрани примери).* Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје. ISBN 978-9989-642-1
12. Јаневски Владимир, (2014) Форми во македонските играорни образци**,** Зборник на трудови VI, Илинденски денови, Битола. Janevski, Vladimir (2014) *Форми во македонските играорни обрасци.* Зборник на трудови - Илинденски денови, 6. pp. 4-9.
13. Јаневски Владимир, (2014) Глувонемите ора, нивната стилска и морфолошка анализа, Македонски фолклор, XXXVI, бр. 69, Скопје. Janevski, Vladimir (2014) *Глувонемите ора, нивната стилска и морфолошка анализа.* Македонски фолклор, 36 (69). ISSN 0542-2108
14. Јаневски Владимир, (2014) Народните ора прикажани во текстилното народно творештво, Етнолог, бр. 16, Скопје. Janevski, Vladimir (2014) *Народните ора прикажани во текстилното народно творештво.* Етнолог, 16. ISSN 1409-6404

***Сценски адаптации:***

1. Ораовички собор (ора и песни од Радовишко Поле и Радовишки Шоплук)
   Janevski, Vladimir and Cicakovski, Timko (2013) *Ораовички собор.* [Video] (In Press)
2. Чангулово (машко оро од Малешевија)
   Janevski, Vladimir and Cicakovski, Timko (2013) *Чангулово.* [Video] (In Press)
3. Каршијак (ора и песни од Скопска Блатија)
   Janevski, Vladimir and Cicakovski, Timko (2013) *Каршијак.* [Video] (In Press)
4. Пустец (ора и песни од Долна Преспа)
   Janevski, Vladimir and Cicakovski, Timko (2013) *Пустец.* [Video] (In Press)
5. Нашето село (ора и пени од Скопска Црна Гора);
   Janevski, Vladimir (2014) *Нашето село...* [Video] (In Press)
6. Хара мати дике (обредни свадбени поворки на Ромите);
   Janevski, Vladimir (2014) *Хајри Мате Дике.* [Video]

***Учество на конференции со свој реферат/ труд:***

1. **Научен симпозиум организиран од Македонското етнолошко друштво на тема** Популаризација на етнолошкото културно наследство, Штип, 20 септември 2010 (труд на тема: Чешлање и плетење на коса кај девојка во с. Скочивир, Битолско);
2. Научен собир организиран од МАНУ на тема: 100 години од Балканските војни, Скопје, декември 2012 (труд на тема: Комитското оро);
3. **Научен симпозиум организиран од Македонското етнолошко друштво на тема** Популаризација на етнолошкото културно наследство, Скопје, септември 2014 (труд на тема: Народните ора прикажани во текстилната орнаментика)*;*
4. Меѓународен научен собир, *БАЛКАНСКИОТ ФОЛКЛОР НИЗ ПРИЗМАТА НА ФОЛКЛОРИСТИЧКО-ЕТНОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА*, во организација на ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ – СКОПЈЕ, Скопје, декември 2014 (труд на тема: **Реквизити при изведба на орската традиција**).

***Награди и признаија:***

1. Признание во знак за интернационална афирмација на Универзитетот и македонската традиционална култура, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2013.
2. Награда за особен придонес во популаризацијата на етнологијата и етнолошкото културно наследство, Македонско етнолошко друштво**,** Скопје, 2010.

***Раководител на семинар:***

1. Фестивал за народна музика и игра „Илинденски денови“ – Битола, Раководител на семинарот за традиционална музика и игра во период од 2009 до 2014 година.

***Претседател на фестивал:***

1. Тодорица 2011 година, Фестивал за традиционална музика и игра, Св Николе.
2. Фестивал за традиционална музика и игра Ораовица, Радовиш, 2014.

***Член во универзитетски и факултетски тела:***

Претседател на Комисија за прием на нови студенти, академска 2012/2103 и 2013/2014 година.

Член на Факултетот на комисиите за: постдипломски, признавање на испити, проверка на знаења, дошколување, усогласување на студентски досиеја, измени и дополнувања на студиските програми, стандардизирање на уметничките и стручните предмети и степенот на образование.

Член на Наставно-научен уметнички совет на Музичка академија при УГД, Штип.

***Учество во РТВ емисии:***

МТВ – Скопје, Ирис телевизија - Штип: Промотивни емисии за Музичката академија, Промоција на нови студиски програми, Најава на годишен концерт, Промоција на изложби.

Членство - менторство во комисии за одбрана на магистерски труд:

Кандидат: Благица Илиќ одбрана на магистерски труд, МА/УГД;

(ментор доц. м-р В. Јаневски, проф.д-р И. Јованов, проф. д-р С.Лешкова)

Членство во рецензентски комисии:

Рецензент на книгата: Македонски традиционални музички инструменти, автор: м-р Тимко Чичаковски, Скопје, 2011;

Рецензент на монографијата: Музичката традиција во Коџаџик – колепка на семејството на Ататурк, автори: проф. д-р Аида Ислам, проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска.

Кандидатот м-р Владимир Јаневски е избран во наставно-научно уметничко звање насловен доцент на 1.6.2010 година на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, по предметот Методика на настава по народни ора. За време на овој изборен период кандидатот има остварено наставно-образовна актива (НО) 30 поени, научноистражувачка и стручно-уметничка актива (НИ-СУ) 234 поени и стручно- апликативна и организациско-развојна актива (СА-ОР) 45 поени или вкупно 309 поени. Остварените поени се повеќе од потребниот минимум на поени кои се потребни за избор во звањето вонреден професор.

Во подолу наведената табела е прикажано вреднувањето на активноста на м-р Владимир Јаневски во изборниот период јуни 2010 – јануари 2015 година, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Кандидатот м-р Владимир Јаневски четири години работи како доцент на Музичката академија во Штип, каде што ги предава предметите во доменот на методиката на народни ора и етнокореологијата. Од денот на неговиот избор во доцент до денес има објавено повеќе стручни и научни трудови и има дадено придонес во развојот на традиционалното играорно – творештво на Музичка академија во Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област методика на настава по народни ора на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Од целокупната наведена активност на кандидатот м-р Владимир Јаневски, детално е претставено дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање вонреден професор за наставно - научната уметничка област методика на наставата по народни ора на Музичката академија наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Кандидатот, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности преку активно концертирање и за организациско-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев".

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и да го избере кандидатот м-р Владимир Јаневски во звање вонреден професор за наставно-научната уметничка област методика на настава по народни ора на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Оливера Васиќ, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Родна Величковска, вонреден професор, член, с.р.**
**Д-р Илчо Јованов, вонреден професор, член, с.р.**

| Ред. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1 | Избран во звање доцент | / | 30 |
| | ВКУПНО | **30** | |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1 | Монографија или научна книга | 10(10x 2=20) | / |
| 2 | Дел од монографија или научна книга | / | 10(10x 1=10) |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 1(1x2=2) | / |
| 4 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | 3(3x9=27) | 6(6x27=162) |
| 5 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 2(2x1=2) | / |
| 6 | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/ останати) | 1(1x1=1) | |
| 7 | Претседател на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 2(2x1=2) | / |
| 9 | Студиски престој во странство | 8 | |
| | ВКУПНО | **234** | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1 | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 2(2x3=6) | / |
| 2 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 2 (2x5=10) | / |
| 3 | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 0,5(0,5x 2=1) | / |
| 4 | Стручни награди и признанија | 4(4x2=8) | / |
| 5 | Претседател на универзитетски или владини тела | 10 | |
| 6 | Продекан | 8 | |
| 7 | Член на факултетски орган, комисија | 2 | |
| | ВКУПНО | **45** | |